# ГОДИШНА РЕВИЈА НА НАСТАНИ 2024

18 ГОДИНИ

OHRIDNEWS.com

информирај се



★★★hotel CINGO

ASPPAK

PE LOGISTIC

ПЕЧАТНИЦА Коста Абраш

стоматолошки центар
Д-р БАТКОСКИ
најдоброто за вашите заби

НАЈДОБРОТО ЗА ВАШИТЕ ЗАБИ
ВАШАТА НАСМЕВКА Е НАША ОБВРСКА

YOUR CLEAR ALIGNER
Dr. BATKOSKI

DITRON IMPLANT CENTER
Dr. BATKOSKI

@Dr.Batkoski @dr_batkoski




www.viafarm.mk
со еден клик до Вашиот
посакуван производ!

@ViaFarmApteki
@via_farm

# ЧЕСТИТО ПОЛНОЛЕТСТВО ОХРИДЊУЗ!



Во предвечерието на празникот посветен на големиот светител и заштитник на Охрид Св. Климент Охридски, пред 18 години започна приказната на првиот информативен портал во Македонија – OHRIDNEWS. Осумнаесет години подоцна „ohridnews“ е прв клик на илјадници читатели од градот, земјата и светот на кои Охрид им е при срце и релевантен извор на информирање за случувањата во Охрид кому му се верува и кој ужива исклучителна доверба.

Во морето информации и портали „ohridnews“ е препознатлив по објективно и професионално информирање. Под мотото „Информирај се!“ Охридњуз во своето постоење произведе 150 000 вести од разни области, во најголем дел авторски текстови на докажани новинарски професионалци кои низ годините работеле на порталот. Охридњуз стана познат и по својата видео продукција на подкасти, видео емисии, кратките „1 минута вести“, преносите живо од спортски и други настани, документарни филмови, креативни видеа, културно – забавниот спектакл „Зимска бајка“, но и по својот ПР и маркетинг концепт препознатлив во бизнис заедницата и бројните задоволни клиенти кои 18 години со успех ги промовираат своите услуги и производи на дигиталните платформи на првиот информативен портал кај нас.

Новото време носи нови можности, но и предизвици. Ги следиме трендовите, но остануваме цврсто на определбата успехот и имиџот да ги градиме со професионален однос кон работата, почитувајќи ги етичките и еснафски норми во информирањето и јавниот интерес. Довербата е наш врвен приоритет, затоа ќе продолжиме објективно, точно и навремено да информираме за случувањата од интерес на јавноста водејќи сметка за улогата што треба да ја има еден професионален медиум во општеството – предизвик пред кој денес е исправен онлајн просторот кој се повеќе се претвора во арена каде главната битка не е насочена кон квалитетот на информирање, туку кон кликови, лајкови и ботови.

Традиционално јануари е месец на празници, убави моменти и време за сумирање на впечатоците од годината која штотуку измина. Пред вас е 11 издание на Годишната ревија на настани каде се поместени случувањата кои ја одбележаа 2024 година, а ги издвојуваме и успешните охридски приказни кои се позитивен пример за заедницата.

Ви благодариме на довербата со која не следите полни 18 години.

**Горан Момироски - Основач и главен уредник на порталот OhridNews**


**„Годишна ревија на настани 2024 - БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ“**

**Издава:** Друштво за интернет портали „Нимо – Охридњуз“ ДООЕЛ - Охрид

**Главен уредник:**
Горан Момироски

**Новинари:**
Горан Момироски
Наташа Смоковска Јованова

**Графички дизајн:**
Антонио Стаматоски
(Art Space Design)

**Фото:**
Анамарија Момироска

**e-mail:** contact@ohridnews.com

**Тираж:** 2000 примероци

**Печати:**
„Коста Абраш“ - Охрид


**www.ohridnews.com 2024 - Сите права задржани**

## Седумка во Охрид на првиот ден од Нова година

Рекорден број бебиња се родија на првиот ден од Новата година во Охрид. На Гинеколошкото одделение при Општата болница во Охрид на свет дојдоа седум бебиња. Три беа породени по природен пат, додека четири со царски рез, информираа од болницата. Традиционално Град Охрид на мајките им врачи ваучери и пригодни подароци.



## 11-та Бадникова поворка низ улиците на Охрид

Неколку стотини деца учествуваа на традиционалната бадникова поворка низ улиците на Охрид, ден пред големиот христијански празник Божик. Поворката тргна од црквата „Св. Георги“ во Горна Влашка маала, а заврши на Градскиот плоштад „Св. Климент Охридски“ каде учесниците беа дарувани со подароци. Бадниковата поворка во Охрид по 11 пат ја организираше Здружението за грижа и воспитување деца од Охрид, со поддршка на локалната самоуправа.



## Одблокирана сметката на Општина Охрид

Локалната самоуправа целосно го сервисираше наследениот долг од 14 милиони евра, со што сметката на Општина Охрид после долги години е одблокирана, објави на прес конференција градоначалникот Кирил Пецаков. Кон ова придонесе и одлуката на Владата за бришење на милионскиот долг на МЈП Проаква и негово пренасочување во основачки влог на државата во МЈП „Колектор“.



## Василичарските огнови го осветлија Охрид

Традиционално православната Нова година – Валисица во Охрид се одбележа со собири на отворено низ маалата покрај оган. Со ѓомлезе, лепче или коматче со париче, печени колбаси, греана ракија и црвено вино, охриѓани славеа до доцна во ноќта. Масовно за празникот и оваа година беше во населбата Кошишта каде најреќен беше Игор Стаматоски кај кого се падна паричката за која се верува дека носи среќа. Тој ќе биде кум на прославата наредната година.



## Светиот крст во рацете на Никола Јакимоски

Дваесет и девет годишниот охриѓанец Никола Јакимоски го фати крстот што на празникот Богојавление Водици беше положен во осветените води на Охридското Езеро. Тој беше најсреќен помеѓу неколкуте стотини капачи. „Од својата 15-та година скокам по чесниот крст, скоро секоја година и како секој капач нормално имав желба да го фатам. Оваа година крстот ме посака мене“, рече Јакимоски.



## По неколку години пауза охриѓани запливаа по бурето со вино

На денот на рибарите, на православниот празник Свети Јован Крстител, група млади од Варош запливаа по буре со вино во студените езерски води во месноста „Најзеро“ кај Сараиште. Тие ја вратија традицијата од пред неколку години и му дадоа шмек на зимското капење на денот на кој некогаш охридските рибари се капеле во езерото за здравје, за да го одбележат почетокот на риболовната сезона.



## Охриѓанец прв меѓународен судија за изглед на птици и европски шампион

Тане Србиноски, љубител и одгледувач на расни птици од Охрид стана Меѓународен судија од Македонија за изглед на птици на 5. Европска изложба на балкански видови на гулаби што се одржа во јануари во Тешањ, Босна и Херцеговина. Србиноски, кој е претседател на клубот на Македонски автохтони раси на гулаби со седиште во Охрид, учествуваше на изложбата и во својство на натпреварувач. Во конкуренција на 2200 гулаби, македонскиот ружан на клубот од Охрид стана Европски шампион во својата класа.




## Српската заедница во Охрид го одбележа празникот Свети Сава

По седумнаесетти пат српската заедница во Охрид го одбележа празникот Свети Сава. Настанот на кој присуствуваа и голем број гости, се одржа во организација на српската заедница од Охрид обединета во здружението „Коштана“, и почесниот конзул на Република Србија во Република Македонија со седиште во Охрид, Михајло Филев.



## Врачена наградата „Григор Прличев“ на лауреатот Славе Ѓорѓо Димоски

На пригодна свеченост на лауреатот Славе Ѓорѓо Димоски му беше врачена наградата за најдобра поема на националниот конкурс што традиционално го распишуваат НУ Центар за култура „Григор Прличев“ и МКТ. Славе Ѓорѓо Димоски престижната награда која се доделува во рамки на манифестацијата „Прличеви беседи“ ја доби за поемата „Денес“ во која се трага по личен, човечки, државен идентитет…



## Набавена опрема за хидротерапија во болницата „Св.Еразмо“

Во февруари во функција беше ставена нова опрема за хидротерапија во болницата „Св. Еразмо“, со што значајно е подигнато нивото на услугите на оваа специјализирана здравствена установа. Вкупната инвестиција е околу 2,46 милиони денари, а средствата се обезбедени во рамки на инвестициските проекти на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, како и од сопствено учество на болницата.



## Нова поштенска марка „Деца со ретки болести – Фенилкетонурија“

На иницијатива на претседателот на Здружението за ретки болести „РЕТКО Е ДА СИ РЕДОК“ од Охрид и вработена во Македонска пошта, Гордана Лолеска, во соработка со здружението за ретката болест фенилкетонурија PKU Heroes / ПКУ Херои од Штип, во промет е пуштена ретка поштенска марка Фенилкетонурија (Phenylketonuria (PKU) - прва таква во светот. Поштенската марка е со номинална вредност од 36.00 денари и со прво печатење од 6.000 примероци.




## Млади од Охрид смислија апликација за детекција на отпад

Учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски”: Ана Спироска, Ана Атанасовска, Климент Маријаноски, Дарко Крлески и Александар Спасеновски, сите од III-3 клас, заедно со менторката Ирена Ралева-Најдевска, креираа мобилна апликација за детекција на отпад – Trash-Pinger, со која се пласираа меѓу најдобрите седум во земјата во конкуренција од 31 пријавен тим во рамки RISE – програма за идни млади социјални и зелени претприемачи.




10 години континуиран труд и успешни постигнувања!
ODW ELEKTRIK
'ОТВОРАМЕ ХОРИЗОНТИ' не е само концепт, туку
ДОЛГОРОЧНА МИСИЈА за градење подобра иднина,
ВИЗИЈА за одржување светски стандард во автомобилската индустрија,
КУЛТУРА на заеднички раст и развој,
УСПЕХ со акцент на јасна политика за унапредување исклучиво сопствен кадар.
071/353-820
Personalwesen-MK@odw-elektrik.com


Appetissimo
Вкусот на празниците
ЖИТО ЛЕБ
BAKERY SINCE 1948

## За една година 100 пати дарувал крв

65-годишниот охриѓанец Борис Стојаноски својата хумана приказна ја започнал далечната 1978 година. По повод 17 март, Денот на крводарителството и Денот на Црвениот крст на Македонија, тој доби признание за реализирани 100 дарувања крв во период од една година. Признанието за овој несекојдневен и хуман подвиг му го врачи Црвен крст Охрид.



## Голем пожар пеплоса угистителски објект во Градскиот пазар

Огромна штета во Градскиот пазар предизвика пожарот што на 10 март избувна во угостителски објект, сопственост на тогашниот Државен правобранител Агрон Речи. Штетите се санираа подолг период, истрагата утврди дека пожарот бил подметнат, а осмничените беа идентификувани и приведени.



## Hardfaced одбележаа 20 години постоење

Салата на Младинскиот културен центар во Скопје беше премала да ги собере сите коишто сакаа да го проследат концертот на Hardfaced, со кој познатиот охридскиот хардкор и метал бенд одбележа дваесет години постоење. Сегашната постава на Hardfaced ја сочинуваат: фронтменот и вокал Димитар Савески, гитаристите Јован Наумоски и Горан Вељаноски, басистот Љупчо Стефаноски и тапанарот Јордан Маленко.



## Околу 5-6 илјади лица живеат со дијабетес во Охрид

Загрижува фактот што овие бројки секојдневно се менуваат. Потребна е едукација на населението, на лицата со дијабетес и нивните семејства, за заштита и значењето на редовните контроли, но и како да се пружи помош на лицата со дијабет. Статистиката покажува дека 2 од 5 пациенти кои имаат дијабетес имаат и хронична бубрежна болест, а над 90 отсто од пациентите со дијабетес тип 2 имаат хипертензија, предупреди во март Здружението на дијабетичари од Охрид.



Трпе Инвест

*Иднина полна надеж*
*започнува со квалитетен дом*









www.trpeinvest.mk
info@trpeinvest.mk
+389 77 60 63 33

## ЛК Лихнидос одбележа 15 години постоење

Петнаесеттиот роденден ЛК Лихнидос го одбележа со културен хепенинг во рамки на кој се одржа изложба на дела од Вангел Наумовски посветена на 100-годишнината од неговата раѓање. За Вангел зборуваа уметници, ликовни критичари, историчари, новинари, пријатели, познаници, општествено истакнати личности и членови на неговото семејство. Сите го истакнаа значењето на големиот уметник.



## Плоштадот кај мини маркет ќе носи име на голем охридски уметник

На иницијатива на ЛК Лихнидос и официјално плоштадот кај Мини маркет ќе го носи името на големиот охридски уметник Вангел Наумовски. Иницијативата ќе биде ставена на дневен ред на Седница на Совет најави градоначалникот на Охрид Кирил Пецаков. Претходно, во март, на овој простор беше промовиран прекрасен мурал посветен на Вангел Наумовски.



## „Распеано рибарче“ прослави 25-годишен јубилеј

Со завршен концерт што се одржа во Центарот за култура „Григор Прличев“, детскиот фестивал „Распеано рибарче“ го прослави 25-годишниот јубилеј. Во текот на изминатите две и пол децении, на овој детски фестивал биле изведени околу 500 песнички, а на сцената во хорот и танцовите групи настапиле околу 3000 деца.




## Се пролонгира рокот за изградба на автопатот Кичево – Охрид

Собранието на 150-та итна седница со 78 гласа „за“ даде поддршка на предлогот на Владата да се донесе по скратена постапка Предлог законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Кичево – Охрид. Со овој предлог-закон се бара до крајот на 2026 година да се пролонгира рокот за завршување на автопатот Кичево-Охрид.



★★★ хотел
ЧИНГО






hotelcingo.com.mk I +389 (0) 78 352 571 I hotelcingo@t-home.mk

## Олдтајмери го разубавија градскиот кеј

Четириесет и пет олдтајмери спачек 2ЦВ од Македонија и просторите на поранешна Југославија беа изложени на паркингот покрај кејот на Охридското Езеро. Настанот што го организираше „Цитроен 2ЦВ Клуб Скопје“ привлече големо внимание кај охриѓани и туристите кои беа одушевени од изгледот и добрата возна состојба на возилата стари половина век.



## Меѓународни признанија за студенти од ФТУ Охрид

На XI гастрономско-туристички фестивал во Ниш, Република Србија, во конкуренција од над 20 образовни институции од регионот, студенти на ФТУ Охрид освоија значајни награди. Иво Колески се закити со сребрен медал и диплома за подготовката на модерно јадење, Благојче Сугарески освои сребрен медал и диплома во категоријата модерни специјалитети, додека Влатко Спасевски, Благојче Сугарески и Иво Колески за тимска подготовка на јадење добија сребрени медали и дипломи. Воедно организаторот на ФТУ-Охрид му додели златна диплома.



ASPPAK
RASCHEL AND MONOFILAMENT FABRICS

CONNECTING with CUBA LIBRE
www.cubalibre.mk

## Се создава убава традиција за празникот Св. Никола летен

Голем број верници и почитувачи на традицијата денеска присуствуваа на богослужбата во црквата Св. Никола Болнички кај Долна порта, по повод празникот Св. Николај Чудотворец Мириклиски (Св. Никола летен). Кум на празникот оваа година беше Гоце Илчески, сопственик на гостилница Боем, кој организираше скромно чествување, збогатувајќи го празнувањето на светителот кон кој има голем култ во Охридско.



## Охридските матуранти го одиграа танцот Квадрил

Точно напладне на 22 мај, на градскиот плоштад „Св. Климент Охридски“ 300 матуранти од охридските средни училишта го одиграат танцот Квадрил од Штраусовата опера „Лилјакот“, со што на симболичен начин го одбележаа завршувањето на средното образование. Матурантите ги поздрави градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков, кој им посака успех во понатамошното образование и животот.






ПЕЧАТНИЦА
Коста Абраш

ул. Кленоец бр. 84
6000 Охрид
046 253-622 • 046 253-620
kontakt@kostaabras.mk
www.kostaabras.mk

ДОКАЖАН КВАЛИТЕТ





## Брендот „Куба либре“ одбележа 24 години постоење

Еден од најпрепознатливите угостителски брендови во Охрид „Куба либре“, прослави 24 години успешна работа. На забавата што се одржа на плажата „Куба либре“ присуствуваа голем број гости од сите генерации, што само го потврдува континуитетот на ова култно место за кое многумина ги врзуваат убави спомени.



## ОДВ Електрик прослави 10 години раст и развој

Пред десет години започна со реализација една убава идеја со само десет вработени, која денес брои 1000. Ова, меѓу другото, беше истакнато на прославата по повод десетгодишнината од почнувањето со работа на ОДВ Електрик во Македонија, што се одржа во индустриската зона Струга – Охрид, на која присуствуваа сопствениците и раководителите на ОДВ Електрик Андреа, Матијас и Александар Мед, генералниот директор на компанијата Мартин Ехрет, директорката на Германската стопанската комора во Македонија Антје Вандет, директорот на ОДВ Електрик Македонија Огнен Цубалевски, вработени, пријатели, деловни партнери и соработници.



## Божиновски нов претседател на Советот на Општина Охрид

Советниците во јуни со 17 гласа „ЗА“ го избраа советникот од редовите на ВМРО ДПМНЕ, Перчо Божиновски, за претседател на Советот на Општина Охрид. Божиновски кој беше единствен предложен кандидат, на претседателското место во советот го замени Сашо Донев, кој на парламентарните избори беше избран за пратеник во Собранието на Македонија.



## Архивата на „Охридско лето“ за првпат предадена во Охридскиот Архив

Архивската документација на НУ Охридско лето, значајна за зачувувањето на документарното богато наследство, за првпат е предадена во Охридскиот Архив. Согласно Меморандумот за соработка помеѓи НУ „Охридско лето“ и Државниот Архив како и меѓусебниот договор помеѓу двете институции, архивската документација на НУ „Охридско лето“, од нејзиното создавање до денес, по завршување на соодветните процедури и обработка ќе се чува во Охридскиот Архив.



## Вилите на Пупин го враќаат сјајот на охридската традиционална архитектура

Во стариот дел на Охрид изминатите неколку децении се изградија многу нови градби, во нови стилови нетипични за ова поднебје. Но, за среќа има и поинакви, позитивни примери на реконструкција и градба во старото градско јадро на Охрид кои полека го враќаат сјајот на традиционалната охридска архитектура. Еден таков е „Вила Пупин Горна Порта“ со надворешен изглед реконструиран во автентичен старограмски стил, која свечено почна со работа изминатото лето.



## 39.Интернационална уметничка колонија „Дебрца“

Во 2024 година, на најстарата ваква манифестација кај нас, учествуваа 11 ликовни уметници од земјата и странство. Интернационална уметничка колонија „Дебрца“ има богата архива која содржи над 700 ликовни дела.



## Престижна награда за Клавирско трио од Охрид

Охрид по 23 пат беше домаќин на интернационалниот натпревар за млади музичари „Охридски бисери“. Клавирското трио од Охрид во состав: Лина Николеска (виолина) од класата на проф. Христина Пецакова Николеска, Антица Николоска (виолина) од класата на проф. Мухамед Бајрам и Ана Кузманоска (пијано) од класата на проф Ана Ѓоргиоска, освои висока прва награда, како и специјална награда “Златна Лира”.



## 3. издание на Фестивалот на виното

Градскиот кеј во јуни беше место за уживање на љубителите на виното и добрата забава што ја имаше во изобилство на 3. издание на Фестивалот на виното. Целта на манифестацијата која од година во година привлекува се повеќе посетители, е збогатување на туристичката понуда во градот, продолжување на туристичката сезона и привлекување на што поголем број домашни и странски гости.



## Охрид застапен во светска платформа за фотографии

Угледната светска дигитална платформа „121Clkick” посветена на уметноста во летниот тематски циклус на фотографии насловен како „Патувачки приказни“, меѓу голем дел автори од светот го претстави и охриѓанецот Стојан Савески. Од значајните туристички локации ширум светот Охрид беше застапен со мотив од езерското крајбрежје, преку неповторливите креации што Бог му го дал на ова поднебје, и кои за жал повеќе се ценети во интернационални отколку во домашни рамки, вели авторот.




## 64. Охридско лето

Со концерт на светски познатиот виолинист од Литванија, Џулијан Рахлин и уметниците од оркестарот на Македонската филхармонија, на 12 јули на Античкиот театар беше отворено 64. издание на фестивалот „Охридско лето“. Публиката до 20 август имаше можност да ужива во 27 концерти, 6 театарски претстави и настани од дополнителната програма на фестивалот.



Галеб ОХРИД

ТРАДИЦИОНАЛЕН ОХРИДСКИ ФИЛИГРАН

## Традиционална староградска пловидба

Со денови одекнуваше ехото од песните на стотиците распеани охриѓани кои на оригинален начин и оваа година го одбележаа празникот Петровден со традиционалната староградска пловидба со ВИС „Билјана“. Настанот „Ој љубов, љубов“ со кој заврши Алтернтаивното културно лето што го организира Културолошка иницијатива 5 до 12 зрачеше со позитивна енергија која преку социјалните мрежи стигна до сите светски меридијани.



## Ѓоко Танески одбележа 30 години кариера

Со концерт што се одржа на Антички театар охридскиот пејач Ѓоко Танески одбележа 30 години кариера. На концертот насловен „Најдоброто од Ѓоко Танески“, тој ги отпеа најголемите хитови од својата кариера како „Никогаш доста“, „Збогум најмила“, „Една љубов имам“, „Цветај расцветај“, „Ден по ден“…



KAΔMO BAR
since 2006

exploreohrid.com
SPECIALIZED TOURISM PORTAL I COMING IN 2025

## Д-р Горан Маркоски нов директор на Општа болница Охрид

Со одлука на Министерството за здравство, за в.д. директор на Општата болница во Охрид назначен е д-р Горан Маркоски. Тој дојде на местото на д-р Асен Шајн кој претходно поднесе оставка од лични причини на функцијата која ја извршуваше изминатите две години.



## Ем локално, ем здраво, ем трендовски

Локални специјалитети подготвени на традиционален начин, макала, џемови, мед, млечни производи, органски одгледана и подготвена храна, вино и ракија од охридското поднебје и многу други автохтони прехрамбени производи направени од вредните раце на членовите на „Слоу фуд Охрид“ беа изложени на третото издание на гастрономскиот настан „Вкусете го Охрид – локално“, што се одржа на 28 јули на плоштадот кај „Долна Порта“.



## Локалитетот Дувало прогласен за природна реткост

На иницијатива на Одделението за заштита и влијание врз животната средина при Општина Охрид, Министерството за животна средина и просторно планирање донесе решение за прогласување на „Уникатната тектонска појава на локалитетот Дувало Косел“ во атарот на село Косел, Општина Охрид, за природна реткост. „Дувало“ е единствена појава на Балканот која претставува активна поствулканска појава што е јасен доказ за постоење на некогашна вулканска активност, на која, ова и е последен знак на одумирање.



## Почина професор д-р Томе Батковски

Во 71-та година од животот, синоќа во Охрид ненадејно почина професор д-р Томе Батковски, истакнат општественик, експерт од областа на безбедноста и автор на повеќе научни трудови. Со над 30-тина објавени трудови, професионални настапи од областа на тероризмот и контраразузнавањето, проф д-р Томе Батковски даде сериозен придонес во поставувањето и одржувањето на националната безбедност на Р. Македонија и пошироко на Балканот.



RESTAURANT GURU 2024

Leonardo Pizza

# BEST PIZZA

in Ohrid

restaurantguru.com

Congrats to the Leonardo Pizza team!

Andrew Priest, Executive Director

## Лени Кравиц одржа незаборавен концерт во Охрид

Светски познатата рок ѕвезда Лени Кравиц, на 4 август одржа незаборавен концерт на стадионот „Билјанини извори“ во Охрид. Долго очекуваниот настан беше кулминација на забавните настани ова лето во Охрид. Концертот на исполнетиот стадион во Охрид беше дел од Европската турнеа на Лени Кравиц насловена „Blue Electric Light” на која тој го промовираше истоимениот албум.



## Пожар уништи огромни површини шума во Охридско

Голем пожар избувна во атарот на селата Опеница и Косел кој зафати густа шума и ниска вегетација. Чадот од пожарот кој беснееше со денови уништувајќи големи површини шума, се чувствуваше до Охрид каде во одреден период беше регистрирано високо аерозагадување. Во гаснењето на пожарот учествуваа пожарникари, вработени во национални шуми, волонтери, како и хеликоптери и специјализирани авиони.



## 10 години „2Mothers Brothers“

Креативен хумор и длабока сатира донесе роденденското шоу на „2Mothers Brothers“ на извонредните охридските актери Никола Тодороски и Стрезо Стаматовски во придружба на Никола Јосифоски на клавијатури и Јане Тодороски на контрабас, со кое тие го одбележаа јубилејот 10 години постоење на сцената. Час и половина публиката на исполнетиот Долни Сарај уживаше во шоуто со кое беше спуштена завесата на 6. „Summer Comedy Marathon“.



## Второ издание на Охридскиот џез-фестивал

Охриѓани и гостите имаа можност да уживаат во квалитетна музика како што е уникатниот проект „Звукот на исконот“ од музичките виртуози Драган и Ратко Даутовски, а успешното второ издание на Охридскиот џез-фестивал беше заокружено со настап на македонската џез уметница Наташа Миха во придружба на Дамир Имери и Иван Бејков.



Villa Pupin - Saraishte
Car Samoil 78, Ohrid

Villa Pupin - Gorna Porta
Kuzman Kapidan 16, Ohrid

VILLA PUPIN
*Luxury Apartments*



book your stay +389 71 276 111
www.villapupin.com

## Охрид не го заборава Живко Чинго

Во атарот на манастирот Света Петка во Велгошти, се одржа традиционалната културна манифестација „Вечер на Живко Чинго“, посветена на овој значаен литературен деец. Во рамки на свечената програма беше доделена наградата за најдобар расказ на авторката Дијана Петрова за расказот „Јоанес Даубманус“.



## 36. издание на Поетската ноќ во Велестово

Во охридското село Велестово по 36. пат се одржа културната манифестација „Поетска ноќ во Велестово“. Во рамки на манифестацијата која имаше неколку новитети како настанот „Поетско интермецо“, се одржа поетски портрет на Елизабета Баковска, а настанот беше затворен со изложбата на фотографии „Паметници на заборавот“ од Сашо Димоски.




## Почина академик Глигор Каневче

На 17 август 2024 година, во 78. година од животот, почина акад. Глигор Каневче, редовен член на МАНУ. Акад. Глигор Каневче е роден на 3 јануари 1946 год. во Охрид. За редовен член на Македонската академија на науките и уметностите е избран на 10 мај 2000 година, а од 2012 год. е раководител на Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој при МАНУ. Автор е над 200 научни и стручни трудови во земјата и во странство и учествувал во реализација на стратешки проекти од национален и меѓународен карактер.



## Голем пожар ја зафати Галичица

Пожарот кој беснееше речиси три седмици на планината Галичица беше запрен од обилниот дожд кој по голема суша се истури над Охрид на 18 август. Со огнената стихија денонока се бореа стотина лица. Пожарот пеплоса големи површини нискостеблеста вегетација, смрека и дел букова шума, а уништи или загрози природни живеалишта на бројни видови флора и фауна, од кои дел се ендемски видови.



MAKEDONSKI BREND

TALEVI

SINCE 1924

HAND MADE



## Златен и сребрен медал за ученици од Охрид во Лондон

Ученици од Охрид ги презентираа своите иновативни проекти во категоријата STEM, на глобалното финале на World Innovative Student Exhibition- iWISE што се одржа во Лондон, Англија. Златен медал освоија учениците Елена Попоска, Тамара Шајноска и Петар Зиврев, кои твореа во тим на свој проект, а сребрен медал проектот на Мила Ангелоска и Тамара Чолеска. Тимовите беа под менторство на наставничката по физика во ООУ „Христо Узунов“-Охрид, Вера Зороска.



## Охридски вински салон под отворено небо „Above the lake“

Културните настани спакувани во квалитетен туристички производ се најдобар начин за промоција на автентичните вредности. Винската култура дефинитивно има потенцијал да влијае на привлекување квалитетни гости од што бенефитот е повеќратен, за градот, угостителството и туризмот. Потврда за тоа е првиот Охридски вински салон „Над Езерото“ што се одржа под отворено небо на Долни сарај, во организација на реномираниот охридски угостителски бренд – Ресторан „Канео“.



BELVEDERE
Hotel

VILA
BISERA

# Семејна винарија “Стојан и синови”

## Традиција во производство на вино - Шутароски “Чекоштина” - Охрид, Македонија

**Сместени во непосредна близина на пештерската црква св.Еразмо со поглед кон синилото на охридското езерото и белите врвови на Јабланица живее интересна приказна за виното која сакаме да ја споделиме со сите добронамерници и позитиви на денешното живеење.**























**Ве очекуваме на ново винско искуство!**

**www.sswinery.com**

## 15 години од несреќата на бродот „Илинден“

Делегации на градот Охрид, на дипломатските претставништва на Република Бугарија во земјава, Капетанијата на пристаништата и граѓански здруженија положија цвеќе пред споменикот на жртвите од потонувањето на бродот „Илинден“ во Охридското Езеро. Во несреќата што се случи на 5 септември 2009 година, животот го загубија 15 туристи, сите државјави на Бугарија.



## Монографија „Мојте охридски фамилии“

Книгата опфаќа податоци зачинети со сеќавања за четири охридски фамилии Карадимчевци, Узунчевци, Чорбевци и Мишевци. Авторката Олга Мишеска Томиќ, родена охриѓанка, на книгата работела десетина години. Податоците ги собирала од раскажувањата на нејзината мајка, како и од разговори со многу охриѓани, но и од достапната литература за периодот за кој пишува. Олга Мишеска Томиќ е лингвист и доктор на науки. Има напишано преку 200 статии, седум зборници, девет универзитетски учебници, итн.



## Охрид домаќин на ИПА конгрес

Регионалната и глобалната безбедност и стабилност, јакнење на билатералната и мултилатералната полициска соработка помеѓу полициите-членки на ИПА, јакнење на професионализмот на полициските службеници низ бројни форми на едукација беа теми на 67. Светски конгрес на Интернационалната полициска асоцијација (ИПА) што се одржа во Охрид во месец септември. На собирот учествуваа национални ИПА секции како и други меѓународни организации членки на Обединетите нации, од 64 држави.




## Реновиран РЦСОО „Ванчо Питошески”

Во обновениот Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески” – Охрид, поставена е енергетски ефикасна фасада, нови инсталации, ентериер, соларен систем со 24 панели кој обезбедува 4000 литри топла вода, нов противпожарен систем, нов покрив, подови, реновирани се и 40 соби и тоалети во ученичкиот дом, а направена е и нова читална. Дворот партерно е уреден и поставено е осветлување. За реновирањето на објектот кое почна во 2022 година беа обезбедени 1.7 милиони евра од Министерството за образование и наука.



## Акцијата „За посреќно детство“ го исполни градскиот плоштад

Градскиот плоштад и овој септември денес беше исполнет со насмеани детски лица кои уживаа во игра, едукација и дружење на традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција „За посреќно детство“ што се одржа во организација на Црвениот крст Охрид, Стоматолошкиот центар „Д-р Баткоски“ и аптеки „Виа Фарм“. Собраните средства беа наменети за децата од социјално загрозените семејства во општините Охрид и Дебрца.



## Традиција долга 25 години

Голем број верници и годинава присуствуваа на одбележувањето на празникот на светите маченички Софија, Љубов, Вера и Надеж кај малата истоимена црква во месноста Лагадин крај Охрид што во 2000 година ја изгради охриѓанецот Љупчо Патче. Традиционално средствата кои се собираат во црквата на овој ден тој ги донира во хумани цели.





## Кометата на векот го осветли небото над Охрид

Кометата А3 (Цучиншан-АТЛАС), после 80 илјади години во октомври 2024 повторно беше видлива од планетата Земја. Астролозите уште ја нарекоа „комета на векот“ поради нејзиниот сјај и можноста да се види со голо око. Таа со денови можеше да се забележи на небото над Охрид на зајдисонце. Последен пат оваа комета била видлива од Земјата во времето на неандерталците.



## Народен театар Охрид, премиерно ја изведе претставата „Кумови“

Народниот театар Охрид во октомври премиерно ја изведе претставата „Кумови“ од Душан Ковачевиќ, во режија на Билге Емин. Премиерата на претставата чија тематика е секојдневието на луѓето од балканскиот простор, ја привлече охридската публика, а на премиерата присуствуваше и министерот за култура Зоран Љутков. Ова е првпат во Охрид министер за култура да присуствува на премиера на Народниот театар Охрид.



## 15 години УИНТ „Св. Апостол Павле“

Во изминатата деценија и пол на УИНТ „Св. Апостол Павле“ во Охрид дипломирале 1500 домашни и 240 странски студенти. Реализирани се голем број проекти, дел финансирани од ЕУ и светски истражувачки програми и мрежи во вредност од околу 1 милион евра. На јубилејот Универзитетот објави дека му е одобрена акредитација за докторски студии по компјутерски науки и инженерство.




## Охридскиот поет Славе Ѓорѓо Димоски добитник на наградата 23 Октомври

Во Собранието на РС Македонија на охридскиот поет Славе Ѓорѓо Димоски му беше врачена државната награда „23 Октомври“ за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно-историското наследство од јавен интерес на државата.



pap company

СВЕТЛОСНИ РЕКЛАМИ

СЕЧЕЊЕ СО ВОДА
ЛЕД ДИСПЛЕИ
СЕЧЕЊЕ НА ЛАСЕР
СПОРТСКИ СЕМАФОРИ

www.pap.com.mk

## Високо признание од „Јагуар Ленд Ровер“ за фабриката на Костал

На церемонија што се одржа во фабричките простории во Охрид, светски познатиот автомобилски бренд „Јагуар Ленд Ровер“ на компанијата „Костал Македонија“ и врачи награда за квалитет за, како што беше посочено, одлично сработената работа и високиот квалитет на испорачаните делови кои се вградуваат во возилата на „JLR“ (Jaguar Land Rover). Од 2021 година до денес, фабриката на Костал во Охрид на „Јагуар Ленд Ровер“ му има испорачано над 3 милиони модули кои се вградени во сите нивни возила.



## Две нови авиолинии од Охридскиот аеродром

Од 30 март 2025 година од Охридскиот аеродром два пати неделно ќе се лета на релација Охрид – Базел – Охрид, а „Туркиш ерлајнс“ ќе почне редовно да лета на дестинација Охрид – Истанбул – Охрид. Тоа значи дека Охридскиот аеродром се отвора како дестинација кон најголемиот аеродром во Европа и аеродром кој што има најмогу конекциски летови.









## Ученикот Наум Смилевски прв на Државниот натпревар за млади истражувачи

Ученикот Наум Смилевски од I-4 одд. при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски” – Охрид, го освои првото место на 60 Државен натпревар на млади истражувачи од Македонија во органицација од SZTKM – Народна техника на Македонија, што се одржа во Пехчево. Смилевски се натпреваруваше во областа „Автоматика и Роботика” со CNC машина за пишување која сам ја дизајнираше и ја направи.




## Христина Трпеска нов директор на НУ Библиотека „Григор Прличев“

Со решение на министерот за култура и туризам Зоран Љутков за в.д директор на НУ Библиотека „Григор Прличев“ во октомври беше назначена Христина Трпеска, вработена во установата како библиотекар, стручен соработник во заштита на културно наследство. До смена на раководниот кадар во оваа установа дојде по неотповикливата оставка од лични причини која на почетокот од овој месец до ресорниот министер Љутков ја поднесе тогашниот директор м-р Милчо Јованоски.





## 80 години слободен Охрид

Во текот на изминатите 80 години, бројни охриѓани вложиле енергија, знаење и труд во унапредувањето на Охрид. На овие простори, благодарение на големите дела, на неизмерната мудрост и културните достигнувања, создаден е град, кој денес е признат и ценет не само во Македонија, туку и во целиот свет, истакна градоначалникот Кирил Пецаков на свеченоста со која беа одбележани осум децении од ослободувањето на Охрид од фашизмот.



## Почина Владиката Тимотеј

По кусо боледување на 25 ноември на 73 години почина Митрополитот дебарско-кичевски, господин Тимотеј. На чело на епархијата беше од 1981 година оставајќи силен белег, а до 1995 година раководеше и со Австралиската македонска православна епархија. Владиката Тимотеј ја вршеше и функцијата портпарол на Синодот на Македонската православна црква. Со црковна церемонија беше погребан на Плаошник.



## Нова инвестиција и нови вработувања во „Костал“

Компанијата „Костал“ започна трета фаза од инвестицискиот циклус за производство на полначи за електрични и хибридни возила во вкупна вредност од речиси 50 милиони евра. Истиот предвидува отворање на нови производствени линии и 250 нови работни места во наредните 4 години.



## 35 години Џез Ин

Култниот и единствен клуб кој промовира џез култура во регионални рамки, Џез Ин, овој ноември го прослави 35-от роденден. Секогаш отворен за љубителите на џез културата, во изминатите три и пол децении, клубот силно пркоси на општествените и културолошки промени, притоа ставајќи се на пиедесталот како единствен џез клуб кој опстоил толку долго на Балканот.



OLD TRADITION
1928
ОРИГИНАЛЕН ОХРИДСКИ БИСЕР
МИХАЈЛО ФИЛЕВ

TOP
market

Гостилница
Боем
основана 2017г.

## Ѓорѓи Цуцковски нов директор на НУ „Охридско лето”

М-р доц. Ѓорѓи Цуцковски, оперски пејач, првенец на Операта при Националната опера и балет (НОБ), е нов директор на НУ „Охридско лето”. Цуцковски на македонската јавност ѝ е познат по својата богата интернационална кариера и претставување на македонската култура во САД, Кореја, Индонезија, Јапонија, Кина и ширум Европа.



## Зелена иницијатива

Триесет и пет дрва од видот „чинар“, беа донирани на Град Охрид од ТАВ Македонија и засадени покрај Охридското Езеро од страна на волонтери-вработени на охридскиот аеродром, од локалната самоуправа и јавното комунално претпријатие, со цел да се збогати зеленилото на пешачката патека од плажата Куба Либре до плажата Горица.



## Наградата „Св. Климент Охридски“ за проф. Д-р Павле Митрески

На свечена академија што се одржа во Центарот за култура „Григор Прличев“ беше врачено највисокото општинско признание – наградата „Св. Климент Охридски – Патрон на градот“ за 2024 година на проф.д-р Павле Митрески, за неговиот исклучителен научен придонес во истражувањето и зачувувањето на историјата. Повелба „Св. Климент Охридски“ им беше доделена на Клубот за подводни дејности „Охрид“ и ЗГ Независна аматерска театарска група „Аматер“, односно Културолошка иницијатива „5 до 12“.



## Замина чичко Симон Ѓурче

На 8 декември 2024 година, во 82-та година од животот почина Симеон Ѓурчев, познат градски лик, стопанственик, поранешен функционер во Општина Охрид, спортист и хуманист. Симон Ѓурче како што си го викаа охриѓани , беше патриот и голем почитувач на традицијата. Неговото капење со одело во Охридското Езеро беше заштитен знак на празникот Водици во Охрид.



OSTROVO
- SVETI NAUM -



# МАГИЈАТА НА „ЗИМСКА БАЈКА“ ГИ ВРАТИ ОХРИЃАНИ ВО ДЕВЕДЕСЕТТИТЕ

Осмото издание на најочекуваното културно – забавно шоу и оваа зима во Охрид – „Зимска бајка“, што се одржа во месец декември во исполнетиот Центар за култура „Григор Прличев“ во организација на Охридњуз, за миг ги врати охриѓани во 1990-те години.

Домаќини на шоуто беа неповторливите Никола Тодороски и Стрезо Стаматовски, алијас „2Mothers Brothers“, кои потсетија на трновитиот пат кој македонската држава го изоде во деведесеттите години. Гостин на вечерта беше извонредниот црногорски стендап комичар Андрија Дабановиќ кој воспостави одлична комуникација со публиката која уживаше во неговиот настап.

Музички во деведесеттите години публиката ја врати бендот на „Зимска Бајка“ со вокалите Каролина Турикашевска и Христијан Тоневски, кој оваа година беше засилен со гудачки квартет, дувачки солисти, хорот „Вокс Лихнидос“, Dj Face и студиото за танц „Бах“. Тие изведоа дел од големите светски хитови и музичари од 90-те години како Ерос Рамазоти, Тина Тарнер, Рики Мартин, Металика, Аеросмит…






















COMING SOON

# СТО ГОДИНИ РАЧНА ИЗРАБОТКА НА ОРИГИНАЛЕН ОХРИДСКИ БИСЕР

Приказната за изработката на Охридскиот бисер нема една, туку повеќе тајни, а познатото семејство Талеви внимателно ги чува 100 години. Изработката на Охридскиот Бисер е со долга традиција која Талеви за започнале во далечната 1924 година.

Климент Талев е претставник на втората генерација Талеви кои изработуваат оригинален Охридски бисер. Тајните на изработката му ги пренел неговиот татко Ване, тој на неговиот син Ване, а сега приказната ја продолжува и внукот Климент.

Тајната за изработката на емулзијата за премачкување на седефастите зрна и финализација на производот за да се добие Охридски бисер Ване ја пренесува на неговито син Климент во 1963-64 година. Ден денес тој се произведува рачно на ист начин. Секоја индустријализација на процесот ја уништува вредноста и важноста на домашна ракотворба како што е рачно изработен Охридски бисер, велат од семејството Талеви.

Во 2001 година на саемот за иновации и рачна изработка „Еурека“ во Брисел, охридското




семејство Талеви се закити со златен медал за рачна изработка на бисер во конкуренција на 45 натпреварувачи од целиот свет.

Накитот изработен од вредните раце на семејството Талеви красел грла на многу познати светски дами, меѓу кои и принцезата Дијана и кралицата Елизабета Втора.

Во 2024 година се одбележаа 100 години од почнувањето со рачна изработка на оригинален Охридски бисер, што овој бренд го сврстува меѓу најстарите не само во Охрид, туку и во Македонија воопшто.

hotel & spa
Tino



# ОД ЕНТУЗИЈАЗАМ ДО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ВО ОХРИД

Шест децении најстарата секундарна здравствена установа во регионот – Медицинскиот центар во Охрид, се грижи за здравјето на пациентите од градот и пошироката околина.

На основите поставени од големи ентузијасти, се изнедри првата генерација доктори во Охрид: Др. Здравко Захариевски, Др. Ристо Филев, Др. Владо Константиновски и Др. Петрит Аголи, чиј труд и визија прераснуваат во Медицински центар, најпрвин со две оперативно – згрижувачки единици, хирургија и гинекологија, а потоа со сите нишки неопходни за модерна болница каква што денес ја препознаваме Општата болница во Охрид.

Установата сега пружа интегрирана здравствена услуга на преку 50 000 охриѓани, израснувајќи во здравствен гигант со 467 вработени од кои преку 63 доктори специјалисти, 37 доктори на специјализација, 5 фармацевти, околу 250 здравствени соработници од сите профили и уште 130 вработени во техничката служба и управа.





На почетоците на организираното здравство во Охрид и формирањето на најстарата болница во регионот, се осврнува и краткиот филм што го изработи Охридњуз.



# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ „ЕНТЕР“: ТЕХНИЧКА СУПЕРИОРНОСТ И ВИЗИОНЕРСКИ ПРИСТАП ВО РАЗВОЈОТ НА СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ

Успешната приказна на фирмата „Ентер“ која долго време важи за најголем македонски производител на деловен софтвер започнува пред точно триесет години во Охрид.

Создадена е како содружничка компанија, одлука која во тоа време предизвикува симпатии, но и доза на скепса во едно поднебје во кое доминираат фирми во индивидуална или семејна сопственост. Но, токму тоа содружништво кое низ годините се менуваше и реформираше на уникатен начин ѝ ја даде на компанијата неопходната виталност и способност да одговори на сите надворешни и внатрешни предизвици и не само да се одржи, туку и да го развие и постојано да го унапредува своето работење.

Она што го одбележува работењето на „Ентер“ за целиот овој период е техничката супериорност и визионерски пристап во развојот на своите производи, како и врвната експертиза и големата посветеност при нивното имплементирање и одржување.

Компанијата во многу сегменти е или пионер, или водечка или единствена во државата. Тоа го покажа уште со нивниот прв производ, сметководствениот пакет Visual Accounting, кој беше првиот македонски софтвер што проработи на тогаш новиот Windows оперативен систем, по што следеа првиот македонски интегриран болнички информационен систем, како и развојот на Cyber Monitor - првиот македонски софтвер што е извезуван преку интернет.

Откако се потврди дека сепак најголемата специјалност на „Ентер“ лежи во развојот на деловни софтверски решенија се воведе брендот Luca Business Software Solutions, како заедничка платформа за неколку типови деловни софтвери






и со нив почнува и присуството на пазарите на Западен Балкан.

Во 2013 година „Ентер“ се стекна и оттогаш редовно ги обновува престижните ISO сертификати: ISO 9001, ISO 20000 и ISO 27001. Последните години, дел од ресурсите на фирмата, оние поискусните, се активни и во обезбедувањето на висококвалитетен IT консалтинг на проекти од Светска Банка, Европска Унија и други меѓународни институции.

Како и секој сериозен субјект кој издржал на пазарот 30 години, „Ентер“ се подготвува и за периодот што доаѓа, посебно во однос на перспективите што се отвораат со користењето на вештачката интелигенција, машинското учење и другите прогресивни технолошки алатки.

ЈП
БИЛЈАНИНИ
ИЗВОРИ
Охрид, Македонија

## ЕПОХАЛНО АРХЕОЛОШКО ОТКРИТИЕ

На локалитетот Расница кај с.Корошишта, Струшко, со археолошките истражувања што кулминираа во 2024 година, беа откриени преку 100 археолошки артефакти кои датираат од т.н. доцноархајски период, односно 6 век пред нашата ера (п.н.е).

Меѓу нив бронзен шлем со златни апликации, голем број златни фолии, златен прстен, златен надградник, килибарни монисти, сребрени игли, сребрен кантарос и неколку бронзени садови, теракотни фигурини и др. Голем дел од артефактите се карактеристични и за далеку познатата Архајска некропола Требениште која се наоѓа на само 5 км од некрополта во Корошишта.

Вакви наоди се откриваат еднаш во векот. Откриената гробница е со монументални димензии 7м должина и 4.5 м ширина и засега претставува најголема откриена гробница од Архајскиот период на Балканот.

Приказната која доведе до големото археолошко откритие во Корошишта почна во 2020 кога локалниот жител Шефид Шефчедини при извршување на земјоделски работи открива бронзен шлем кој потоа го предава во Завод и Музеј Охрид. Во 2023 година тим од Археолошкиот музеј Скопје предводен од раководителот на проектот Перо Арџанлиев, во соработка со Заводот и Музеј Охрид и Музејот Незлобински Струга ги почнува археолошките истражувања кои резултираа со историско откритие од исклучително значење за македонската и светската наука.





# СПОРТСКА ПРИКАЗНА - БК „АЛЕКСО ОГНЕНОВСКИ“

## ЕНТУЗИЈАЗМОТ ГО ВРАЌА СЈАЈОТ НА ОХРИДСКИОТ БОКС

Вљубеници во боксот со голем напор и труд изминатите неколку години успеаја да го вратат на големата сцена охридскиот бокс, трансформирајќи го боксерскиот клуб кој го носи името на легендарниот спортски работник и боксерски тренер Алексо Огненовски во модерен спортски клуб кој остварува забележителни резултати на домашната и меѓународната сцена.

На „Арена куп” што се одржа во Скопје, Димитар Ѓорески беше избран за најдобар техничар, а во мај Охрид беше домаќин на финалето на „Опен балкан“ купот и Меморијалниот боксерски турнир „Алексо Огненовски“.

Браќата Наум и Христијан Стојаноски, на Меѓународниот боксерски турнир „Опен Балкан“ што се одржа во Лозница, Република Србија, се закитија со сребрени медали. Наум Стојаноски ги бранеше боите на Македонија на Светското првенство за младинци во бокс што се одржа во Будва.



Успешните настапи БК „Алексо Огненовски“ ги заокружи на Балканското првенство што се одржа во Лозница, Република Србија, каде Димитар Ѓорески, Наум Стојаноски и Енис Алиу, освоија бронзени медали, што е најголем успех на охридскиот бокс по 2002 година кога Илче Јоноски стана балкански првак.

Годината охридските боксери ја завршија со седум сјајни одличја освоени на Државното првенство што се одржа во Битола.

# ЈАНУАРИ СПОРТ 2024

### Две нови засилувања во ГКК Охрид

Градскиот кошаркарски клуб Охрид пред продолжувањето на сезоната во Првата лига, во јануари се засили со американците Ледариус Бруер и Буги Андерсон. Бруер е бек-шутер, додека Андерсон игра на позицијата плеј.





### Охриѓанец помошник тренер во младата кошаркарска репрезентација

Сениорски тренер на ГКК Охрид Тони Стојаноски, е назначен за прв помошник тренер на младинската репрезентација на Македонија до 16 години која во јуни во Скопје ќе настапи на Европско првенство.

### Големо засилување и нови договори за 5 ракометари на Охрид

Хрватскиот интернационалец со бундеслигашко искуство Никола Јукиќ, е нов играч на ГРК Охрид кој ги продолжи договорите со капитенот Тасески, Шипинкоски, Цирар, Бојаниќ, и Кукоски.





### „Гладијаторите“ бронзени во Врбас

На реномираниот Меѓународен турнир во ракомете „Драго Јововиќ“ што се одржа во јануари во Врбас, Р. Србија, ГРК Охрид освои трето место совладувајќи го домаќинот по изведување на пенали 35:36. На турнирот триумфираше Војводина која во финалето беше подобра од Црвена Звезда 35:23.

# ФЕВРУАРИ СПОРТ 2024

### Христијана Парулеска на пиедесталот, Миле Христовски спортска легенда

Младата Христијана Парулеска, член на Таеквон-до клубот „Хваринг ИТФ Лескоец – Охрид“, репрезентативка на Р.М. освојувач на златен медал во борби и сребрен медал во форми на ЕП во Италија, беше прогласена за најдобар спортист во Општина Охрид за 2023 година. На свеченоста постхумно професорот Миле Христовски беше прогласен за Спортска легенда на Охрид.





### Коста Трифуноски директор на младинските категории на ГФК Охрид

Коста Трифуноски е назначен за спортски директор на младинските категории на ГФК Охрид Лихнидос. Во младинските погони на ГФК Охрид  тренираат околу 70 деца поделени во четири категории со кои работат пет тренери.

### АК „Охрид” со неколку одличја на Националниот куп

Стефан Стефаноски во фрлање диск го освои првото место со резултат 47.04м, продолжувајќи ја доминацијата како државен првак во истата, додека во фрлање кладиво го заседе третото место со резултат 26.08м. Блаже Љушев во фрлање копје – 32.92, го освои второто место.





### Злато и бронза за Охридските кендоки во Солун

Членовите на Кендо клубот „Охрид", предводени од тренерот Александар Петрески, на 16-от интернационален „Солун Кендо куп”, го освоија турнирот и се закитија со златен медал, додека вториот сениорски тим освои бронза.

### Жетва на медали на охридските стрелци

На Државното првенство во Битола, државни прваци станаа охриѓаните Ива Маленко (возд. пушка) во сениорска категорија, Климент Мостро во дисциплината воздушна пушка кај јуниорите, односно Стефани Савеска кај јуниорките.





### „Билјанини Извори” опремена со нови голови

Спортската сала „Билјанини Извори” во Охрид доби нови ракометни голови со највисок сертификат одобрен од страна на Интернационалната ракометна федерација - ИХФ.

### Алкалоид падна во вулканот на „Билјанини извори“

ГРК Охрид го совлада лидерот на табелата и актуелен вицепрвак Алкалоид 30:26 (16:09) во натпревар од 4 коло од плеј – офот. На голот на Охрид блескаше одличниот Ѓорѓески со 15 одбрани, а во нападот Цирар со 14 гола.





### Врвни борби на одржаното Државно првенство во теквондо во Охрид

На Државното првенство во теквондо што во март се одржа во спортската сала „Билјанини извори“ во организација на Теквон-до клуб “МАСТЕР” од Охрид, учество зедоа 78 натпреварувачи, а најдобрите обезбедија пласман во репрезентацијата за ЕП во Копер, Словенија.



### Ветераните на Црвена Звезда славеа над селекцијата на Охрид

Во ревијален фудбалски натпревар во мал фудбал, прославените асови на белградска Црвена Звезда ја совладаа селекција составена од играчи од Охрид со 4:3. Натпреварот беше вистинско уживање за вљубениците во фудбалската игра.





### Прво место и личен рекорд за Климент Мостро

На вториот Куп во гаѓање со воздушно оружје – меѓународна програма, што во април се одржа на стрелиштето Бејбунар во Охрид, во категорија на возудушен пиштол – јуниори, младиот Климент Мостро од ЖСК „Лихнидос“ со резултат од 550 круга го освои 1 место, а воедно постигна нов личен рекорд, подобрувајки го претходниот за 7 кругови.

### Давид Крстески бронзен на ЕП

Охриѓанецот Давид Крстески, член на македонската теквондо репрезентација освои бронзен медал во спаринг борби, јуниори 16-17 год. – 63 кг на Европското таеквон-до ИТФ првенство што се одржа во Копер, Словенија од 15 до 22 април.





### Охридските риболовци шампиони на Македонија

Најдобри во 1. риболовна лига во дисциплината „ПЛИВКА“ се риболовците од ЗСРСК „Свети Апостол Петар“ во состав: Наум Лазаревски, Петар Булески, Марјан Андоноски и капитените Бобан Милошески и Славко Наумоски.

МАЈ СПОРТ 2024

**Воска Спорт поразена во финалето од Купот на Македонија**

Екипата на Тиквеш од Кавадарци за прв пат во историјата го освои Купот на Македонија. Во финалето на 31 издание на националниот Куп, Тиквеш со 2:1 ја совлада екипата на Воска Спорт од Охрид.





**Бројни медали за М.Т.Т.Ф.**

Теквондо репрезентацијата главно составена од натпреварувачи од Охридскиот регион, на “ГРАН ПРИ Српски Соко 2024” во Зворник, БиХ, освои 10 златни, 7 сребрени и 11 бронзени медали, како и 2 пехари за најдобри поединци.



**АК Охрид го потврди својот квалитет**

На сениорското првенство што се одржа во Скопје, Јован Стојоски освои злато во дисциплината 400м пречки, а триумфираше и на 100 и 200м. Блаже Љушев го освои 3 место во скок во далечина, а Стефан Стефаноски беш прв во фрлање диск.





**Гркот Зиакас победник на „Охрид Ултра-Треил“**

На 6. издание на планинската ултра маратонска трка што се одржа на Галичица, на најдолгата патека од 107, 65 км. победи Теодорос Зиакас од Грција со рекордно време 12:34:38 часа. Кај дамите најбрза беше Ивана Ценериќ од Србија со време од 18:46:02ч.

ЈУНИ СПОРТ 2024

**Дарио Ивановски повторно на тронот на „Охрид трчаТ“**

Македонскиот рекордер и олимпиец, Дарио Ивановски (1.10.01 ч.), победи на главната трка на 21 километар на 8. издание на Атлетскиот викенд „Охрид трчаТ“, што се одржа низ улиците на Охрид.Најдобар резултат во женска конкуренција на полумаратонот оствари Милјана Ристиќ од Македонија со резултат 1:30:01 ч.






**Охриѓанка избори пласман на ЛОИ во Париз 2024**

Охриѓанката Анастасија Мојсовска, државна првенка во спортско стрелаштво, избори пласман на Летните олимписки игри во Париз во дисциплината 10 метри воздушна пушка жени - 60 истрели. Таа е четврта олимпијка во историјата на Охрид по пливачот Александар Маленко, атлетичарот Реџеп Селман и стрелачката Нина Балабан.



**Осветлено помошното фудбалско игралиште**

После повеќегодишни барања и иницијативи на сите фудбалски школи и фудбалски клубови, реализиран е проектот за осветлување на помошното фудбалско игралиште со вештачка трева на СРЦ „Билјанини извори“, со што градот значително ја подобри спортската инфраструктура.





**Охридските риболовци обезбедија пласман на СП**

Во последното коло од Државното првенство од крапската лига, екипата на „Св. Апостол Петар“ - Охрид во состав: Марио Петковски, Јован Јолакоски и Александар Илиоски, го освои 2 место, со што обезбеди пласман на Светското првенство што ќе се одржи во Хрватска.

**Ноќен собир на автомобили по втор пат во Охрид**

Околу 200 горди сопственици на спортски автомобили и олдтајмери од земјава и соседството учествуваа на вториот ноќен собир на автомобили (Night Car Show #2)., што се одржа на просторот на некогашната касарна во Охрид на 10 август во организација на „USCCO“.





**Сатеска триумфираше на турнирот „Петровден“ во Мешеишта**

Екипата на Сатеска од Волино го освои 49 турнир во мал фудбал „Петровден“ во Мешеишта откако во финалето ја совлада екипата на АСП ПАК со 2:1. Во малото финале Кафе бар 9 ја совлада екипата на Инекс Олгица со 4:1.



**Едриличарска регата со еколошка порака за заштита на Охридското Езеро**

Во рамки на Купот за едрење на Охридското во категоријата “One design” победник беше екипата “Tim-less love” на Акватика Јахтинг – Охрид, во категоријата „Минитонци“ триумфираше екипата на Јахтинг клуб ЦЗГ, додека во категоријата „Микротонци“ победи екипа на Јахтинг клуб ОЛС.





**ШК Ласкер обезбеди опстанок во 2 лига**

Клубот составен исклучиво со шахисти од Охрид, со една победа, три нерешени и пет порази го освои 7 место, со што обезбеди опстанок во Втората лига каде ќе се натпреварува и во 2025 година.



**Еванжелиста и Жиус победници на 37. Охридски пливачки маратон**

Бразилецот Матеус Еванжелиста во машка и француѕинката Каролин Жуис триумфираа на 37. Охридски пливачки маратон. Нашиот Поп Ацев пристигна трет. Еванжелиста 25 километри долгата патека „Климе Савин“ од Св. Наум до Охрид ја мина за време од 5 часа, 45 минути, 5 секунди, додека времето на Жуис беше 5 часа, 46 минути и 51 секунда.





**Вардар победник на турнирот “Крсте Андоновски”**

Екипата на Вардар 1961 го освои трофејот на третиот Меѓународен меморијален турнир “Крсте Андоновски” што се одигра во август во Охрид. Во македонското финале Вардар го совлада Алкалоид 25:23.



**Второ издание на „Ohrid Water Festival“**

Од 23-ти до 31-ви август 2024 година во Охрид  се одржа второто издание на големата промотивно-спортска манифестација „Ohrid Water Festival“, во рамки на која беа организирани 20 спортски настани, но и богата социјално-едукативна програма.






**Подвиг за почит на Томи Стефановски**

Македонската пливачка легенда Томи Стефановски препилива 15 километри во Охридско Езеро за инклузија на децата со атипичен развој и инвалидизираните лица. Хуманиот подвиг „Пливање за инклузија“ се совпадна со 15-годишнината од препливувањето на Томи на каналот Ла Манш.

## СЕПТЕМВРИ СПОРТ 2024

### Охриѓани најдобри во текбал

Охриѓаните Димитар Пејчиновски и Коста Трифуноски го освоија првото место во парови на државното првенство во текбал во Скопје.  Во поединечна конкуренција Пејчиноски го освои 1 место, додека Трифуноски го освои 3 место.



### На „Охрид Опен“ најдобри домашните теквондисти



На Меѓународниот теквондо турнир „Охрид Опен“ што се одржа во Охрид, во конкуренција на 200 натпреварувачи од земјава и регионот, најуспешни беа натпреварувачите на ТК Хваранг Фист од Охрид пред ТК Корио – Кисела Вода и ТК Младост од Скопје.

### Охриѓанец за прв пат го заврши триатлонот IRONMAN во Белград

Фудбалскиот тренер Љупчо Танески е првиот спортист од Охрид и втор Македонец над 50 години, кој успешно го завршил триатлонот IRON-MAN 70.3 што се одржа во Белград. За 7.40.17ч. тој исплива 1,9 километри, извози 90 километри на велосипед и истрча 21 километар.



### Успешно второ издание на Peshtani Extreme Vertical



Последниот викенд од септември се одржа второто издание на Peshtani Extreme Vertical – дводневен меѓународен спортски настан за љубителите на планинското трчање. Севкупни победници беа Елена Ртоска во женска конкуренција и Златко Карчески во машка.

## ОКТОМВРИ СПОРТ 2024

### Одлични резултати на македонските теквондисти

На „Дубровник Опен“ македонскиот репрезентативец Давид Крстески од ТК “СОНКАЛ” Мислешево, Струга, освои пехар за најдобар јуниор и 1 место во категоријата форми У -18 . Натпреварувачите на МТТФ на „СРБИЈА ОПЕН“ освоија 9 златни, 4 сребрени, 14 бронзени и 2 пехари за најдобри поединци.




### ГРК Охрид не ја мина романската пречка во ЕХФ купот



Ракометарите на Охрид на реваншот во Романија загубија од Потаиса Турда, со 39:29, и беа елиминирани во 2 коло од ЕХФ купот. Во првиот меч Охрид на домашен терен славеше 31:25.

### Охрид не го заборава Тачо

Новото повеќенаменско игралиште во Видобишта што свечено беше отворено во октомври, ќе го носи името „Трајан Целески – ТАЧО“, сестран спортист чиј живот прерано згасна поради тешка болест.



### Добар пласман на Стојановска на Мастерс турнирите во Скопје



На Мастерс турнирот во Скопје одржан во октомври, во конкуренција на најдобрите 8 јуниори и јуниорки до 18 години од државава, охриѓанката Ана Стојановска од ТК Охрид го освои одличното второ место. Во финалето таа загуби од Катја Ивановска од ТК МТП со 2:0.

### Инекс Олгица Хотел СПА победник на хуманитарниот турнир Futsal Ohrid Freed

Во финалето екипата на Инекс Олгица Хотел СПА во драматичен меч го совлада минатогодишниот победник АСП ПАК со 4:2 по изведувањето пенали, откако во регуларниот тек натпреварот заврши 2:2.





### Европската елита во параглајдинг во Охрид

Педесеттина натпреварувачи од 14 држави од Европа беа дел од Ohrid fly festival – Европски куп во параглајдинг кој во ноември се одржа на СРЦ „Билјанини извори“ во Охрид, на денот на ослободувањето на градот.

### „Рибари“ прославија 35 години

Со пиротехничко шоу, кортео низ градот и прекрасна коереографија на ракометниот натпревар помеѓу Охрид и Алкалоид, навивачката група „Рибари“ во ноември одбележа 35 години постоење.





### Сјајни одличја на каратистите од клубот „Кун-су-то”

На Балканското карате првенство што се одржа во Сараево во ноември 2024,Дамјан Митревски го освои второто место во категорија кадети борби -52 кгр. Анастасија Смилевска, пак, на Меѓународниот карате турнир „Скопје гран при 2024″ го освои 1 место во категорија +54 килограми.



### Златни одличја на силни натпревари за охридските теквондисти

На Европскиот Таеквон-до ИТФ куп во Софија, Бугарија, во конкуренција на 966 натпреварувачи од 14 земји, Давид Крстески со пет победи освои злато. На натптреварот “10 Кинг оф Таеквон-до” во Солун, Грција, Миа Танеска (12) со две победи над домашни претставнички се искачи на тронот.





### Започна реконструкцијата на западната трибина

Новата западна трибина на СРЦ „Билјанини извори ќе има капацитет од околу 3.500 гледачи, а заедно со источната околу 5.000 гледачи, што во иднина ќе овозможи на стадионот да настапува и  А репрезентацијата. Изградбата ќе чини околу 3.300.000 евра.

### Воска Спорт се раздели со 9 фудбалери

Клубот кој на полусезона во Првата лига е последен на табелата, ги раскина договорите со: Муамет Шакир, Албан Мехмеди, Тарик Демишоски, Антонио Илиески, Марко Вуковиќ, Хабибула Аскар, Дестан Адили, Христијан Јанкулоски и Јасин Казимоски.



### Охрид центар на македонското веслање

Во организација на ВК „Горица Ремо“, во декември во Охрид за прв пат се одржа Државно првенство во ергометар, на кое учествуваа 40 натпреварувачи. Најмладата веслачка на „Горица Ремо“ Ана Ничевска, освои сребрен медал во кадетска категорија.

# PE LOGISTIC

**СО НОВА ЛОКАЦИЈА - СЕЛО ЛЕСКОЕЦ УЛ. РАШАНЕЦ 115 А**

DALVINA WINERY

GORSKA® water

KANION co feels like home

bimilk®

Прилепска Пиварница

GEMAK

BOVIN WINERY

BADEL 1862 d.d.

samantha

PORTIOLI®




